**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ -

УП бр.1310-30
Бр.на постапка 64131
од .10.2024 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање на јавен увид по

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А4 .3 – семејни куќи за времен престој-викенд куќи на КП бр.872 и 870, КО Ораовец, Општина Велес.

Границата на проектниот опфат се движи:

- На север опфатот се граничи со КП 8 / 1 пристапен пат
- На југ опфатот граничи со КП 869
- На запад опфатот граничи со КП 873
- На исток опфатот граничи со КП 868

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 462м$^2$.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А4 .3 – семејни куќи за времен престој-викенд куќи на КП бр.872 и 870, КО Ораовец, Општина Велес, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 04.10.2024 до 19.10.2024 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk). Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев